Општина Гевгелија

**Предлог:** <u>Програма за активностите на општина Гевгелија во областа на Локалниот економски развој (ЛЕР) и прекуграничната соработка во 2026 година</u>

**Предлагач:** Градоначалник на општина Гевгелија
**Изготвувач:** Сектор за јавни дејности и локален економски развој

**Претставник на предлагачот пред Советот на Општина Гевгелија:**
Претставник од Одделението

18.12.2025 година
Гевгелија

**I. Причини заради кои се предлага актот:**

## 1 Опис на состојбите заради кои се предлага актот

Донесувањето на Програмата за локален економски развој за 2026 година е неопходно со цел обезбедување и создавање услови за одржлив локален развој, во согласност со законските надлежности и стратешките документи на Општина Гевгелија.

За таа цел општината во 2026 година ќе настојува да обезбеди поволни услови за локалниот економски развој. Активностите ќе бидат насочени кон создавање услови за поттикнување на локалниот економски развој, за поддршка на проектите и активностите кои придонесуваат за унапредување на економски развој, регионалниот и руралниот развој, активности поврзани за интересот на домашните инвеститори, како и за привлекување на странски инвеститори.

Локалниот економски развој на Општина Гевгелија во изминатиот период се карактеризира со зголемена активност во реализација на проекти финансирани преку ИПА и други фондови на Европската Унија, насочени кон унапредување на туристичката понуда, развој на локалната инфраструктура и јакнење на прекуграничната соработка. Овие проекти отворија нови можности за економски раст и развој на нашата општина.

## 2 Очекувани позитивни промени во областа по донесувањето на актот

Со донесувањето на Програмата за локален економски развој за 2026 година се очекува подобрување на планирањето и координацијата на активностите насочени кон унапредување на локалната економија, туризмот и деловната инфраструктура во Општина Гевгелија.

Активностите на Општина Гевгелија во областа на ЛЕР и прекуграничната соработка ќе бидат насочени кон забрзан и динамичен развој на општината, согласно надлежностите и утврдените развојни и структурни приоритети.

3 Законска заснованост на актот и

**II. Предлог текст на актот**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02 год.) и член 38 став 1 точка 44 од Статутот на Општина Гевгелија („Службен гласник на Општина Гевгелија“ бр.25/06, 8/10, 18/14, 13/20, 02/21 и 05/21), Советот на Општина Гевгелија на седницата, одржана на 26.12.2025 година, донесе:

**ПРОГРАМА**
**за активностите на општина Гевгелија во областа на Локалниот економски развој (ЛЕР) и прекуграничната соработка во 2026 година**

## 1. Развојни приоритети

Општина Гевгелија во 2026 година ќе настојува да обезбеди поволни стратешки услови за локалниот економски развој. Активностите ќе бидат насочени кон создавање услови за поттикнување на локалниот економски развој, за поддршка на проектите и активностите кои придонесуваат за унапредување на економски развој, регионалниот и руралниот развој, активности поврзани за интересот на домашните инвеститори, како и за привлекување на странски инвеститори. Овие активности ќе бидат во согласност со стратешките цели на општина Гевгелија наведени во Интегриран локален развоен план на општина Гевгелија 2024-2027 година.

Истовремено, залагањата ќе бидат насочени кон унапредување на регионалната и прекуграничната соработка преку реализација на проектите за кои е потпишан Договор и кои се во тек на нивна имплементација.

## 2. Цел

Главната цел на донесување на Предлог-програмата за Локален економски развој е поттикнување одржлив економски развој и подобрување на квалитетот на животот на граѓаните во општината преку ефективно користење на локалните ресурси, капацитети и можности.

## 3. Поддршка на локалниот економски развој

Активностите на Општина Гевгелија во областа на ЛЕР и прекуграничната соработка ќе бидат насочени кон забрзан и динамичен развој на општината, согласно надлежностите и утврдените развојни и структурни приоритети.

За поттикнување на локалниот економски развој од посебно значење е обезбедувањето на услови и градежни парцели за реализација на инвестиционите проекти на заинтересираните домашни и странски инвеститори. Притоа, посебен акцент ќе се стави на обезбедувањето на комуналната инфраструктура во урбаниот и рурален дел.

Поддршката на локалниот економски развој, покрај Општинскиот буџет се обезбедува и преку Центарот за развој на Југоисточниот плански регион, но и преку други европски и меѓународни инвестициони програми (ИПА-ППС, ЕРАЗМУС, ИПА АДРИОН, УРБАКТ, УНДП).

### 3.1 Проектни активности во рамките на ЈИПР и други програми

| р. бр. | Проект/Активност | Сопствено учество за 2026 г. | Вкупен износ |
|---|---|---|---|
| 1. | Поддршка на Центарот за регионален развој на Југоисточен плански регион | **215.820 ден.** | **215.820 ден.** |
| 2. | „Подобрување на Енергетска Ефикасност на јавни објекти во Југоисточниот регион“ (Реконструкција на спортска сала Партизан) | **4.345.478 ден.** | **16.376.984 ден.** |
| | **Вкупно** | **4.561.298 ден.** | **16.592.804 ден.** |

### 3.2 Проекти од домашни и меѓународни инвестициони програми

| Р. бр. | Проект/Активност | Сопствено учество за 2026 г. | Вкупен износ за 2026 г. |
|---|---|---|---|
| 1 | „Изградба на водоводна мрежа на ул.Александар Бел во с.Мрзенци, општина Гевгелија“ - Програмата за инвестирање во животната средина за 2025 година | **1.000.000 ден.** | **5.808.176,97 ден.** |
| 2. | „Реконструкција на ул.„Маршал Тито“ од ул. „Гевгелиски Партизански Одреди“ до ул.„Железничка“ Гевгелија, општина Гевгелија“ | **1.780.223,42 ден.** | **82.596.823,42 ден** |
| 3 | Поставување урбана опрема – детско игралиште на КП бр.6727/3 КО Гевгелија – Декада и Стратегија на ромите – Министерство за транспорт | **250.196 ден.** | **1.557.010 ден.** |
| 4. | RADAR (Регионални администрации за разновидност и отпорност) | **107.203 ден.** | **1.072.029 ден.** |
| 5 | "Меѓуопштинска соработка за безбедни заедници" - УНДП и Биро за регионален развој | **278.972,40 ден.** | **2.060.482,25 ден.** |
| 6. | „ Реставрација на зелена инфраструктура. Повторно размислување за зелената идеја- ReGreen – Изградба на парк на Сува река-Интеррег ИПА VI-A - Програма за Прекугранична соработка Бугарија-Македонија | **764.579,68 ден** | **13.563.232 ден.** |
| | **Вкупно:** | **4.181.174,50 ден.** | **106.657.753,64 ден** |

### 3.3 Туристички развој и туристичко претставување на општина Гевгелија

Активностите ќе бидат насочени кон создавање на неопходни предуслови за збогатување на туристичката понуда и нејзина промоција..

Ваквите цели за поголема искористеност на туристичките погодности ќе се остваруваат преку надлежните општински одделенија, а посебно внимание ќе се посвети на зголемената активност за промоција на општина Гевгелија.

<table>
<tr><th>Р.бр.</th><th>Активност</th><th>Износ/ден.</th><th>Вкупен износ</th></tr>
<tr><td rowspan="5">1.</td><td>Промотивно-туристички материјал за презентација на општина Гевгелија</td><td rowspan="5">2.000.000 ден.</td><td rowspan="5">2.000.000 ден.</td></tr>
<tr><td>- Промотивен материјал</td></tr>
<tr><td>- Брошури, флаери</td></tr>
<tr><td>-Учество на меѓународни саеми</td></tr>
<tr><td>- Одржување и ажурирање на веб страница за туризам<br>- Изнајмување и опремување на бина, озвучување и осветлување</td></tr>
<tr><td></td><td>Вкупно:</td><td>2.000.000 ден.</td><td>2.000.000 ден.</td></tr>
</table>

## 4. Финансирање

Предвидените активности од сите проекти, ќе бидат финансирани во зависност од програмите за аплицирање и утврдените критериуми од страна на донаторот, односно дали од страна на апликантот треба да биде обезбедено учество.

Вкупната вредност на проектите од табелата под точка **3.1 - Проектни активности во рамките на ЈИПР и други програми** е во износ од **4.561.298 денари.**
Вкупната вредност на проектите од табелата под точка **3.2- Проекти од домашни и меѓународни инвестициони програми** во износ од **4.181.174,50 денари.**

Вкупната вредност на активностите од табелата под точка **3.3 - Туристички развој и туристичко претставување на општина Гевгелија** се во износ од **2.000.000 денари.**

Вкупниот износ за реализација на Програмата изнесува **10.742.472,5 денари**.

**5.** Оваа програма влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Гевгелија".

Бр.09-1752/1
26.12.2025 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на Општина Гевгелија,
**Анета Стамкова**

## III. Образложение

Во рамките на Програмата за локален економски развој и прекугранична соработка на Општина Гевгелија за 2026 година, табелите под точките 3.1, 3.2 и 3.3 детално ги прикажуваат планираните проектни активности, потребните финансиски средства и структурата на сопствените вложувањата во предвидените проекти. Со оваа финансиска распределба се создава јасна слика за приоритетите на општината во однос на економскиот развој, инфраструктурата и туризмот.

Табелата под точка **3.1** ги претставува проектите планирани за соработка и реализација преку Центарот за развој на Југоисточниот плански регион. Во рамки на овие активности се обезбедуваат средства за нормално и непречено функционирање на Центарот за развој на Југоисточниот плански регион како и реализација на значаен инфраструктурен проект: „Подобрување на Енергетска Ефикасност на јавни објекти во Југоисточниот регион“ (Реконструкција на спортска сала Партизан) .

Вкупната предвидена вредност на сопствено учество на овие активности изнесува **4.561.298 денари**.

**Значење за општината:** Значењето на активностите од табела 3.1 се однесува на подобрување на локална и регионална егионална инфраструктура, подобрување на спортските капацитети и енергетска заштеда на објектите**.**

Табелата под точка **3.2** ги прикажува проектите поддржани од државни и меѓународни фондови, кои значително придонесуваат кон подобрување на квалитетот на живот и инфраструктурата во општината.

Овде се вклучени следните проекти:

1.Изградба на водоводна мрежа на ул.Александар Бел во с.Мрзенци, (аплицирано преку Министерството за животна средина и просторно планирање) со сопствено учество од 1.000.000 денари, кое по завршувањето на постапката на избор на најповолен изведувач оваа сума може да биде променета;

2. „Реконструкција на ул.„Маршал Тито“ од ул. „Гевгелиски Партизански Одреди“ до ул.„Железничка“ Гевгелија, општина Гевгелија“, со сопствено учество од 1.780.223,42 денари по завршувањето на постапката за избор на најповолен изведувач;

3. Поставување урбана опрема – детско игралиште на КП бр.6727/3 КО Гевгелија – Декада и Стратегија на ромите – овој проект беше аплициран до Министерството за транспорт и е impламентиран од страна на општина Гевгелија. Вкупната предвидена вредност на сопствено учество на овој проект за 2026 изнесува 250 196 денари.

4. RADAR (Регионални администрации за разновидност и отпорност) – Апплициран проект по CERV програмата на ЕУ кое се однесува на граѓаните, еднаквост, права и вредности. Проектот ги предводи Академијата за претприемништво (AKEP) со 13 партнери од седум земји, RADAR развива и применува иновативна рамка за следење на Разновидноста, Еднаквоста и Инклузијата и европски комплет алатки за Разновидноста, Еднаквоста и Инклузијата за да им помогне на администрациите да ја проценат, имплементираат и следат напредокот во инклузијата. Резултатите од аплицирањето на проектот се олекува во текот на 2026 година. Вкупната предвидена вредност на сопствено учество на овој проект изнесува 107.203 денари.

5. "Меѓуопштинска соработка за безбедни заедници" - УНДП и Биро за регионален развој – во тек е постапка за набавка на 11 комплети за заштитна опрема за урбани пожари, а проектот предвидува и изработка на веб страна и обука за млади лица во областа на превенција и заштита од пожар. Сопствено учество за овој проект изнесува 278 972,40 денари.

6. „Реставрација на зелена инфраструктура. Повторно размислување за зелената идеја- ReGreen - Изградба на парк на Сува река преку Интеррег ИПА VI-A

Програма за прекугранична соработка помеѓу Буагрија - Македионија. Со овој проект општина Гевгелија има вкупно сопствено учество од 24 864,38 евра (1 529 159,37 денари). За 2026 година предвидено е сопствено учество од 764 579,68 денари.
Табелата под точка **3.2** ги прикажува проектите поддржани од државни и меѓународни фондови, кои значително придонесуваат кон подобрување на квалитетот на живот и инфраструктурата во општината. Овде се вклучени инвестиции, како: Изградба на локална водоводна инфраструктура, унапредување на улични делници, поставување урбана опрема, како и прекугранични и развојни иницијативи за создавање еколошки и безбедни средини. За овие активности се проектирани сопствени средства во вкупен износ од **4.181.174,50 денари**, од кои дел претставува сопствено учество на Општината. Овие проекти се клучни за долгорочната инфраструктурна стабилност и просперитет на општината.

**Значење за општината:** Значењето на активностите од табела 3.2 се однесува на највисоко ниво на капитални вложувања за патната и комунална инфраструктура; развој на урбани и рурални делови и подигнат квалитет на живеење

Табелата под точка **3.3** ја презентира програмата за туристички развој и промоција на Општина Гевгелија. Преку планираното финансирање во износ од **2.000.000 денари**, општината ќе вложува во активности за зајакнување на туристичката понуда, маркетинг промоција, изработка на промотивни материјали, учество на туристички саеми, и развој на современа дигитална промоција. Овие активности имаат за цел да го зголемат туристичкиот потенцијал и да придонесат кон локалниот економски раст.

**Значење за општината:** Значењето на активностите од табела 3.3 се однесува на позиционирање на општината како туристичка дестинација во кој како очекувани ефекти се очекуваат зголемен број посетители, развој на туризмот, економска придобивка за цела општина.

Вкупно, трите табели прикажуваат проектни активности со сопствено учество во реализација на проектите со финансиска вредност од **10.742.472,5 денари**, што претставува системски пристап кон користење на локалниот буџет, надворешните фондови и стратешките партнерства. Преку ваквата структура на планирање, општината покажува јасна развојна визија, одговорно финансирање и ориентација кон одржлив економски развој.

Поттикнувањето на локалниот економски развој во општината ќе се остварува и преку проектите и активностите предвидени во другите програми на Буџетот на Општина Гевгелија за 2026 година.

## IV. Импликации по Буџетот на Општина Гевгелија од носењето на актот

Средствата за оваа намена се обезбедуваат од Буџетот на Општина Гевгелија за 2026 година.